АЕК
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 148 став д) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 14.02.2017 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**I**

**ПРЕСТАНУВА ДА ВАЖИ** одобрението за користење на радиофреквенции во радиодифузна служба со евидентен број 104636 со важност од 24.04.2009 до 24.04.2019 г., издадено од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот **Трговско радиодифузно друштво „Радио Јехона 2003 ДООЕЛ", с.Матејче, Липково**, по сила на закон.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации му издаде одобрение на корисникот **Трговско радиодифузно друштво „Радио Јехона 2003 ДООЕЛ", с.Матејче, Липково** за користење на радиофреквенции во радиодифузна служба со евидентен број 104636 со важност од 24.04.2009 до 24.04.2019.

Одобрението број 104636 престанува да важи по сила на закон согласно член 148 став д) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15) поради престанок на важност на дозволата за радио емитување по сила на закон од страна на Агенцијата за аудио и аудивизуелни медиумски услуги (Решение за бришење од регистарот на радиодифузери уп1 бр.08-563 од 14.02.2017).

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-273
Скопје, 15.02.2017

Раководител на Одделение,
м-р Лидија Пауновска

Раководител на Сектор за радиокомуникации
м-р Јане Јакимовски

по овластување од Директорот,
Игор Бојаџиев

**Доставено до:**
- странка
- архива
- сектор за радиокомуникации
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите
- сектор за финансии и сметководство

АЕК-751-301.12/Изм.02